


# Законот за имплементирање на Регулативата за Општа Заштита на Податоците (GDPR) стапи во сила на 24 февруари 2020 година

Новиот закон дава рок од **18 месеци** за усогласување со обврските по истиот.

## Дали сте подготвени за новата ера на заштита на податоци?

- Дали имате подготвено евиденција на сите ваши процеси и активности на обработка на лични податоци, согласно барањата на новиот закон?
- Дали имате механизам да идентификувате и да пријавите случаи на протекување на податоци или злоупотреба на податоци?
- Дали знаете како да одговорите и да постапите по приговор или барање од субјектот на лични податоци?
- Дали имате назначено офицер за заштита на лични податоци?
- Дали ги познавате вашите обработувачи на лични податоци (добавувачи, соработници, договорни страни) и нивната улога во обработка на вашите податоци?
- Дали веќе сте подготвиле проценка на влијанието на заштитата на податоците, согласно обврските од новиот закон?
- Дали ги имате обучено вашите вработени за обработка и заштита на личните податоци?
- Дали имате воспоставено внатрешна организација и контролна рамка?
- Дали имате ресурси за следење и спроведување на законските промени во однос на заштита на личните податоци? А што е со потенцијалните казни?

pwc

# Прашањата не престануваат

Новиот Закон за заштита на личните податоци, со кој се транспонира GDPR, започнува да се применува и ние сме тука да ја поддржиме вашата компанија во претстојното патешествие за заштита на податоците.

Усогласувањето со новата регулатива за лични податоци содржи правна и ИТ компонента кои се еднакво значајни во процесот на усогласување. PwC во Северна Македонија има комплетен тим на правни и ИТ експерти со уникатни знаења и искуство за заштита на личните податоци.

Ние нудиме GDPR решенија за сите аспекти на вашата специфична структура и организација и обработка на лични податоци. Услугите што ги нуди PwC во однос на усогласување со новата регулатива за лични податоци е флексибилна група на производи кои ви дозволуваат да ги покриете сите области на GDPR.

- **ГАП АНАЛИЗА**

Анализа на тековниот статус и проценка на степенот на усогласеност со GDPR.

- **АКЦИСКИ ПЛАН**

Создавање на акциски план со приоритизирани активности базирани на класификација на ризиците од неусогласеностите идентификувани во текот на анализата.

- **ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА**

Развој на политики, процедури, внатрешна документација. Сеопфатна поддршка за воведување на нови или менување на процеси и мерки за заштита на податоците.

- **АЛАТКИ ЗА ОФИЦЕРИ (DPO) И ЗА ПРОЦЕНКИ НА ВЛИЈАНИЕТО (DPIA)**

PwC има развиено сопствени алатки за DPO & DPIA кои ги помагаат и ги поддржуваат организациите во извршување на секојдневните активности поврзани со заштитата на лични податоци.

- **ПОСТ-ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА И РЕВИЗИЈА НА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

Проверка на статусот на усогласеност по имплементација од аспект на документација и практичен аспект. ГАП анализа и тестови за системите за заштита на личните податоци – луѓе, процеси, технологија.

- **ОБУКИ И РАБОТИЛНИЦИ**

Подготовка и спроведување на обуки и прилагодени работилници за заштита на личните податоци, како дел од задолжителните организациски мерки за заштита на податоци што треба да бидат применети.

- **ВНАТРЕШНИ КОНТРОЛИ ЗА ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ**

Помош при развој на план за заштита на податоци што и овозможува на компанијата да ја контролира и континуирано да ја подобрува својата околина за заштита на податоците.

- **КОНТИНУИРАНО СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА**

**Приватност по дизајн за нови процеси, продукти и активности во друштвото.**

- **РЕГУЛАТОРНА ПОМОШ**

Поддршка во вашите секојдневни случаи поврзани со проблеми и прашања за заштита на податоците.

- **ПРЕГЛЕД И АНАЛИЗА НА МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО**

Анализа на локалното законодавство за лични податоци и проценка на нивото на усогласеност на вашата организација.

# Контактирај го нашиот тим






**Мирослав Марчев**
Директор на Одделот за даночни и правни услуги
miroslav.marchev@pwc.com



**Иван Мишев**
Адвокат
ivan.mishev@pwc.com



**Даниел Јордановски**
Сениор Менаџер
Risk Assurance & Technology
danel.jordanovski@pwc.com

**PwC Северна Македонија**
Бул. 8 септември бр.16
Хипериум Бизнис Центар, 2 кат
1000 Скопје
Тел: +389 2 3140 900

*Правна напомена:* Материјалот содржан во ова предупредување е даден само за општи информации и не содржи сеопфатна анализа на сите опишани аспекти. Пред да преземат (или да не преземаат) било какво дејствие, читателите треба да бараат професионален совет специфичен за нивната ситуација. Не е прифатена одговорност за дела или пропусти преземени во зависност од содржината на ова предупредување.

© 2020 PwC Северна Македонија. Сите права се задржани.
"PwC" се однесува на македонската фирма ПрајсвотерхаусКуперс или, во однос на контекстот, мрежата на фирми на PricewaterhouseCoopers International Limited, од која секоја е одделно и независно правно лице.